**Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот Договор за заем за делумно финансирање на „Проектот за изградба на фискултурни сали“**

**Член 1**

Република Македонија се задолжува кај Банката за развој при Советот на Европа со заем во износ од 12.500.000 ЕВРА, за делумно финансирање на „Проектот за изградба на фискултурни сали“.

**Член 2**

Условите и начинот на користење на средствата од заемот од член 1 на овој закон, ќе бидат утврдени со Рамковниот Договор за заем за делумно финансирање на „Проектот за изградба на фискултурни сали“, кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Банката за развој при Советот на Европа.

Условите на користење на средствата на секоја транша поединечно ќе се утврдуваат со Дополнителните договори за заем, кои се составен дел од Рамковниот Договор за заем за делумно финансирање на „Проектот за изградба на фискултурни сали“.

Во име на Република Македонија, Рамковниот Договор за заем од став 1 од овој член ќе го потпише министерот за финансии.

**Член 3**

Рокот на отплата на заемот од член 1 од овој закон е 15 години, со вклучен грејс период од 5 години.

Заемот ќе се повлекува во најмалку две транши.

Првата транша треба да се повлече во рок од 12 месеци од влегувањето во сила на Рамковниот Договор за заем од член 2 став 1 од овој закон и не треба да надмине 50% од вкупниот износ на заемот.

Повлекувањата на секоја следна транша ќе се реализира откако Република Македонија писмено ќе ја извести Банката за развој при Советот на Европа дека 90% од износот на претходната транша е алоциран.

**Член 4**

Каматната стапка ќе се одредува за секоја транша од заемот одделно, на денот на повлекување на средствата од заемот, во зависност од тоа која каматна стапка е поповолна за Република Македонија (фиксна или варијабилна).

**Член 5**

„Проектот за изградба на фискултурни сали“ од Рамковниот Договор за заем од член 2 став 1 ќе го реализира Министерството за образование и наука.

**Член 6**

Република Македонија заемот ќе го отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

**Член 7**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.